MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 08-3934/7
11.11.2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 23-тата седница одржана на ден 01.11.2019 година донесе

***Одлука***

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот број 08-3934/1 од 19.08.2019 година, оформен по доставена пријава, за утврдување на прекршување на одредбата од член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019).

Предметот со број 08-3934/1 од 19.08.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето, во деперсонализирана форма.

***Образложение***

Предметот број 08-3934/1 од 19.08.2019 година е оформен по поднесена анонимна пријава по е – пошта во која се укажува дека лицето ____________ во законски утврдениот рок по именувањето за ВД Директор на __________________ не поднело анкетен лист за имотната состојба.

ДКСК, по разгледување на прибавените информации и документација од Министерството за култура и по увидот во својата евиденција утврди дека лицето ______________ во законски утврдениот рок по именувањето за ВД директор на _______________________ не поднело анкетен лист и изјава за интереси до Државната комисија за спречување на комисијата со што постапило спротивно на член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на член 114 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ДКСК на именуваното лице му издаде и достави прекршочен платен налог.

Од страна на именуваното лице до ДКСК е доставен доказ за уплата на половина на глобата изречена со прекршочниот платен налог.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**